Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура** | **Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор | Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Општинска установа Центар за Култура АЦО КАРАМАНОВ-Радовиш
Примено: 24.04.2024
Орг. единица: 03 | Број: 36/2 | Прилог:

**Ип 1 бр. 57-32**
**Датум: 19.04.2024 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Општинска установа–Центар за култура „Ацо Караманов“ - Радовиш |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „22 Октомври“ б.б. Радовиш |
| Адреса за е-пошта | aco.karamanov@yahoo.com |
| Телефон | (032) 634-975 |
| Матичен број на субјектот | 4042441 |
| Даночен број на субјектот | 4023978104732 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180100920260310 |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | |

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Никола Миовски, в.д. директор | 078 405 430 | miovski_nikola@yahoo.com |

Архивски знак: / Shenja arkivore:
Рок на чување: / Afati i ruajtjes:
____20___ година / viti   Потпис / Nënshkrimi

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 17.04.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 8.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 17.04.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Општинската установа–Центар за култура „Ацо Караманов“ - Радовиш **(во натамошниот текст: Центар)** | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра: 90.04) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „22 Октомври“ б.б. Радовиш | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура (во


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

натамошниот текст: СУИН на МК), бр. 57-20 од 04.03.2024 г., а во врска со Иницијативата бр. 21-3476/1 од 22.03.2024 г., поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на Министерството за култура, во којашто е наведено дека во доставениот Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор"-Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи, Корисникот има доставено фактури коишто не можат да се признаат како наменски трошоци. Инспекцискиот надзор е предвиден со Месечниот план за работа на СУИН на МК за месец април 2024 година, бр. 57-18/4 од 02.04.2024 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)**.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19 - **во натамошниот текст: ЗК**), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 120.000 денари (од вкупно доделените 150.320 денари), за реализација на проектот Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор" - Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи, согласно со Договорот бр. 21-2770/1 од 09.03.2023 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18- **во натамошниот текст: ЗК**) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019 - **во натамошниот текст: ЗИН**)

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор не е употребена листа за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Никола Миовски, в.д. директор | 078 405 430 | miovski_nikola@yahoo.com |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | Изабела Ангелова, стручен соработник од областа на културата | 078 723 183 |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1.- По поднесената пријава на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 г. од областа на фолклорот, со Решение на министерот за култура бр. УП1 1233/2022 од 20.02.2023 г., прифатен е проектот на Центарот - Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор" - Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи (за чијашто реализација доделени се средства во износ од 150.320 денари).

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-2770/1 од 09.03.2023 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 150.320 денари за реализација на проектот Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор" - Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи, наменети за Набавка на материјали за декоративни елементи и за Промотивен, печатен и рекламен материјал. Центарот доставил Барање за авансна исплата на средства, бр. 03-19/2 од 27.09.2023 г. (заведено во МК под бр. 21-8837/1 од 28.09.2023 г.), заедно со изјава за наменско користење финансиски средства, дефинирана програма и учесници на Фестивалот, како и образец за оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства во којшто е предвидена следната намена на средствата: Набавка на материјали за декоративни елементи - 20.000 денари и Промотивен, печатен и рекламен материјал (билборди, брошури, флаери, маици со лого на Фестивалот, плакети, признанија, благодарници) - 130.320 денари.

- Со Решение за преведување на средства бр. 21-2770/2 од 06.10.2023 г., МК превело на жиро сметката на Центарот 120.000 денари како аванс за реализација на


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

проектот Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор“ - Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (4) и (6) од Договорот со МК, во рок од еден месец од денот на реализацијата на проектот на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Центарот доставил Наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот, бр. 03-734 од 01.11.2023 г. (заведен во МК под бр. 21-2770/3 од 22.12.2023 г.).

- На 11.01.2024 г., Одделението за центри за култура, фолклор и музичко-сценска дејност при МК испратило Известување до Центарот, во кое наведува дека во доставениот Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор“-Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи, Центарот има доставено фактури и авторски договор коишто не соодетствуваат на намените во Договорот со МК и не можат да се признаат како наменски трошоци. Од тие причини, Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК доставил до СУИН на МК Иницијатива за вршење на вонреден инспекциски надзор во Центарот, бр. 21-3476/1 од 22.03.2024 година.

10.2.- Според изјавите на присутните лица, како и презентираната фото документација, при надзорот е констатирано дека Центарот го реализирал проектот со одржување на Вториот Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор“ - Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи, од 11. до 13.10.2023 г., на монтирана сцена на плоштадот во Радовиш, при што пред бројната публика настапиле играорци од повеќе културно-уметнички друштво од земјата.

- Трошењето на програмските средства за реализацијата на проектот се прикажани во следната табела:

| Р.бр | Доверител | Намена | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Сони компани“ ДООЕЛ - Радовиш | Печатење на материјали за билборд, плакети, брошури, маици, флаери | 72.754 | -Платено по Фактура бр. 00977/23 од 13.12.2023 г.<br>- Банковен извод бр. 4 од 20.12.2023 г. |
| 2. | „Графосервис“ | Печатење на | 18.880 | -Платено по |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДООЕЛ-Струмица | промотивен материјал, шољи, благодарници | | Фактура/Испратница бр. 23-300-001711 од 27.12.2023 г.<br>- Банковен извод бр. 31 од 18.12.2023 г. |
| 3. | „ЛМ Стил маркет“ - Струмица | Набавка на цветни декорации за сцената | 25.090* | -Платено по 3 фактури/ испратници бр. 155, 156 и 157 од 07.10.2023 г. (на износи од 9.940, 14.400 и 750 денари.)<br>- Банковен извод бр. 30 од 01.12.2023 г. |
| | | **Вкупно:** | **116.724 денари** | **3.274 денари се потрошени за други намени** |

* Трошокот за набавка на материјали за декоративни елементи (25.090 денари) е повисок од износот предвиден за таа ставка во Образецот за оперативен и финансиски план (20.000 денари), но тој при надзорот е признат како наменски со оглед дека согласно со член 11 став (2) и став (4) од Договорот со МК, корисникот има право да изврши измени од помал обем, односно промени во износот на намените утврдени во Образецот во износ до 15% од вкупниот износ на средства, без притоа да побара пренамена, односно да се склучи анекс кон договорот.

При надзорот е утврдено дека од авансно преведните 120.000 денари, Центарот наменски потрошил 116.724 денари, додека 3.274 денари се потрошени за други намени за реализација на фестивалот, но коишто не се предвидени со Образецот за оперативен и финансиски план, којшто, согласно со член 1 став (2) е составен дел на Договорот со МК. При надзорот не се презентирани други трошоци за намени коишто се предвидени со Образецот за оперативен и финансиски план.
Имено, при надзорот од страна на в.д. директорот е изјавено дека во пријавата на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 г. од областа на фолклорот, Центарот побарал средства и за други намени во функција на реализација на Фестивалот, како на пример за храна и пијалаци за учесниците на манифестацијата, за хонорар за водител на главната фестивалска вечер, за огномет и сл., но од страна на соодветната комисија при МК се прифатени само ставките Набавка на материјали за декоративни елементи и Промотивен, печатен и рекламен материјал.
Притоа, од вкупниот износ на побарани средства од МК во износ од 1.230.000 денари, одобрени се само 150.320 денари, од коишто дури 130.320 денари за Промотивен, печатен и рекламен материјал. Според Никола Миовски, поради ограничениот износ на одобрени средства, ревидирани се првично планираните


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

ставки и за успешна реализација на Фестивалот намален е износот на трошоци за Промотивен материјал, за сметка на неопходните расходи за храна и пијалаци за учесници, огномет, видео снимање на Фестивалот и сл. Така, трошоците за огномет и видео снимање на Фестивалот биле доставени со Извештајот за проектот, но не биле признати како наменски трошоци од страна на МК.

Притоа, од страна на инспекторот, при надзорот им беше укажано на присутните лица дека, согласно со член 11 ставови (3), (5), (6) и (7) од Договорот со МК, за измените од поголем обем, како што се промените во утврдените намени на средствата од Образецот за оперативен и финансиски план, Корисникот задолжително треба да достави писмено барање за пренамена до МК и доколку истата биде одобрена од соодветната комисија при МК, задолжително треба да се склучи анекс кон договорот. Во конретниот случај, Центарот не побарал пренамена на средствата и од тие причини, трошоците кои што не се содржани во Образецот за оперативен и финансиски план не можат да се сметаат за наменски трошоци.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

1. **Центарот го реализирал проектот Меѓународен фолклорен фестивал „Радовишки собор"-Фестивал на народни игри, песни, инструменти и обичаи, за којшто од Буџетот на РСМ, преку МК, му се авансно преведени средства во износ од 120.000 денари.**

2. **При надзорот е утврдено дека од авансно преведните 120.000 денари, Центарот наменски потрошил 116.724 денари, додека 3.274 денари се потрошени за други намени за реализација на фестивалот, но коишто не се предвидени со Образецот за оперативен и финансиски план, како составен дел на Договорот со МК. При надзорот не се презентирани други трошоци за намени коишто се предвидени со Образецот за оперативен и финансиски план.**

3. **Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (3) и (5) од Договорот со МК, во рок од еден месец од денот на реализацијата на проектот на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Центарот доставил Наративен и финансиски извештај за**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**реализацијата на проектот, бр. 03-734 од 01.11.2023 г. (заведен во МК под бр. 21-2770/3 од 22.12.2023 г.).**

**- Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка: ќе донесе решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на горенаведената неправилност од точката 2, односно да ги врати авансно преведените средства во износ од 3.274 денари, што се потрошени за намени коишто не се предвидени со Образецот за оперативен и финансиски план, како составен дел на Договорот со МК.**

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Никола Миовски, в.д. директор | Општинска установа - Центар за култура "Ацо Караманов" | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | 24.04.2024 г. | Датум: | 19.04.2024 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk